**УГОТУР А.Д.-СКОПЈЕ**
**Бр.________**
**Скопје, _________.2015 г.**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 35 од Статутот на Уготур Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија (во натамошен текст Уготур А.Д.-Скопје) како и членовите 457,459,460, а во врска со членовите 455 и 456 од ЗТД, Собранието на акционери на Уготур А.Д.-Скопје на ден 08.06.2015 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За одобрување на голема зделка и зделка со заинтересирана страна

**Член 1.**

Се ОДОБРУВА голема зделка и зделка со заинтересирана страна која претставува одобрување на набавка на стоки и услуги на Уготур А.Д.-Скопје како купувач од Фершпед А.Д.-Скопје како продавач на стоки и услуги.

ЗДЕЛКА

**Член 2.**

1.Уготур А.Д.-Скопје како купувач на стоки (суровини и материјали за производство на оброци за исхрана) и корисник на услуги во висина од 16.000.000,00 денари и останати услуги во висина од 2.000.000,00 денари или вкупно 18.000.000,00 денари.

2.Фершпед А.Д.-Скопје како продавач стоки и давател на услуги во обем и висина како во точка 1.
Вредноста на зделката претставува 53,04% од активата на Друштвото која изнесува 33.936.000,00 денари со што се исполнети условите за голема зделка и зделка со заинтересирана страна согласно ЗТД.

**Член 3.**

Заинтересирани страни од член 1 на оваа Одлука се:
Фершпед А.Д.-Скопје од причина што истиот е акционер во Уготур А.Д.-Скопје каде поседува 24,37%од акциите со право на глас кој се јавува како продавач и Уготур А.Д.-Скопје како купувач на стоки и услуги.

**Член 4.**

Со донесување на оваа Одлука, Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа Одлука согласно одредбите од Законот за трговски друштва и важечкиот Статут на Друштвото.

**Член 5.**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Годишно Собрание на**
**акционери на Уготур А.Д.-Скопје**
**Претседавач,**

______________________

**Образложение**

Во изминатиот период Фершпед А.Д.-Скопје заради својата солидарна позиција на пазарот како купувач од производителите на прехрамбени производи и други производи за извршување на својата дејност особено за својата мрежа на хотели беше во позиција да обезбеди поадекватни услови за испорака и со пониски цени на материјали и суровини за подготовка на оброци и други услуги на Уготур А.Д.-Скопје. Имајќи ја во предвид предлог одлуката бр. 0202-484-86/2 од 11.05.2015 г. разгледана и одобрена од Одборот на директори и Извештајот за ангажман за уверување во постапка за одобрување на голема зделка и зделка со заинтересирана страна на Уготур А.Д.-Скопје, изготвена од страна на Бенд ревизија и консалтинг ДОО Тетово, предметната одлука е во согласност со критериумите на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност.

Собранието со оваа Одлука се согласува дека големата зделка и зделка со заинтересирана страна со Фершпед А.Д.-Скопје е во согласност со законските прописи на Р.Македонија, дека зделката е правична, утврдена е според пазарните услови и е поткрепена со извештај-мислење од страна на независен овластен ревизор, со што се очекува бенефит за Друштвото, и затоа на малцинските акционери им се препорачува да ја подржат големата зделка и зделка со заинтересирана страна.

Голема зделка и зделка со заинтересирана страна е утврдена според пазарните услови и не постои несразмерност во земените давања на страните.